**20241472561**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јули 2024 година.

Бр. 08-3494/1
11 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2008, 63/2009, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/22), насловот на законот се менува и гласи: „Закон за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 2

Во членот 1 зборовите: „Државната техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини”, а по зборовите: „начинот на вршење” зборот „техничката” се брише.

Член 3

Во член 2 став 1 во точката 1 зборовите: „техничка инспекција“ се заменуваат со зборот „инспекција“.

Во точката 3 зборовите: „техничка инспекција” се бришат.

Во точката 10 зборовите: „Техничка инспекција” се заменуваат со зборот „Инспекција“.

Член 4

Во член 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Работите на инспекцискиот надзор на техничка опрема ги врши Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, рударството и минералните суровини (во натамошниот текст: министерство), преку државни  инспектори за енергетика, рударство и минерални суровини.“.

Член 5

Во член 5 став 1 алинејата 3 се брише.

Член 6

Во членот 8 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 7

Во членот 9 став 1 алинејата  3 се брише.

Во ставот 3 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 8

Во членот 18-а зборовите: „технички инспекторат” се заменуваат со зборовите: „инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 9

Во членот 19 став 1 во воведната реченица зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 10

Во член 20 во ставот 3 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 11

Во член 21 во ставот 13 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 12

Во член 21-а во ставот 3 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 5 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 6 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 7 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 13

Во насловот на главата VI зборот „техничка” се брише.

Член 14

Во глава VI во поднасловот 1. зборовите: „Техничка инспекција” се заменуваат со зборот „Инспекција“.

Член 15

Во член 30 во ставот 13 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 16

Во глава VI поднасловот 2 се менува и гласи:

„2. Инспекција при користење на техничка опрема“.

Член 17

Во членот 31-а зборовите: „технички инспектори” се заменуваат со зборовите: „инспектори за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 18

Во член 33 во ставот 6 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 19

Во член 34 во ставот 4 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 20

Во член 36 во ставот 2 зборот „техничка” се брише.

Член 21

Во поднасловот 3. зборовите: „Техничка инспекција“ се заменуваат со зборот „Инспекција“.

Член 22

Во член 37-а став 1 во точката 4 зборовите: „технички инспектори” се заменуваат со зборовите: „инспектори за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во точката 10 зборот „техничка“ се брише.

Член 23

Во член 37-в во ставот 13 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 24

Во член 38 став 1 во точката 3 зборовите: „технички инспектори” се заменуваат со зборовите: „инспектори за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во точката  8 зборот „техничка” се брише.

Член 25

Во член 38-а во ставот 9 зборот „економија” се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 26

Подзаконските акти донесени согласно со Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2008, 63/2009, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/22) до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.